СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# САШКО МИТОВСКИ

за Крива Паланка



СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

МЕ
ДОМ!



**Обраќање на кандидатот за градоначалник**

Изминативе четири години беа време на работа, чесно управување и градење општина што припаѓа на сите. Заедно направивме важни чекори: инвестиравме таму каде што најмногу требаше, го слушавме гласот на граѓаните и започнавме промени што ја враќаат довербата во јавниот интерес.

Нашиот пристап е јасен: општината мора да биде сервис за граѓаните, веруваме во солидарност и во тоа дека секој заслужува еднакви можности и достоинствен живот – без разлика дали живее во центарот или во најоддалеченото село.

Оваа програма не е ново ветување, туку продолжение на зацртаниот пат. Поставивме темели преку проекти во инфраструктурата, социјалната заштита, образованието и локалниот развој. Во следниот мандат сакаме да го засилиме темпото, да ги довршиме започнатите инвестиции и да отвориме нови можности – за младите, пензионерите, руралните средини и сите што сакаат да останат и живеат тука.

Оваа визија ја градиме врз досегашните резултати и јасно поставени цели. Време е Крива Паланка уште поодлучно да чекори напред – кон општина што создава можности, поттикнува развој и гарантира подобар живот за секој граѓанин.

Нашата сила е во вас – во вашата поддршка и искреност. Ја бараме вашата доверба за вторпат – не заради титула, туку заради сработеното и заради тоа што допрва можеме да го направиме. Заедно, можеме сѐ, за Крива Паланка, за иднината, за нашите деца!

Со почит и благодарност,

**Сашко Митовски,**

кандидат за градоначалник на Општина Крива Паланка

„СОВРЕМЕНА, ПОВРЗАНА И ОДРЖЛИВА ОПШТИНА – ДОМ ЗА СЕКОЈ ГРАЃАНИН!"

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Крива Паланка

Ние, кандидати за советници во Општина Крива Паланка, ја бараме вашата доверба со обврска да продолжиме да работиме чесно, одговорно и посветено за интересите на сите жители на нашата општина. Од првиот ден покажавме дека политиката не смее да биде само зборови и ветувања, туку конкретни резултати и вистински промени.
Заедно реализиравме голем број проекти – изградивме и реконструиравме улици, водоводи и канализации, ги реконструиравме училиштата и градинките, поддржавме спортски и културни активности, вложивме во туризмот и во зачувувањето на животната средина. Сите овие дела зборуваат повеќе од зборовите и потврдуваат дека знаеме како да ја движиме општината напред и дека нашата визија е остварлива.
Со секоја иницијатива што ја реализиравме покажуваме дека нашата определба е јасна: да изградиме општина којашто е современа, функционална и достоинствена за секој нејзин жител.
Затоа остануваме посветени на конкретна работа, решавање на проблемите и создавање нови можности за секој човек.
Овие избори не се само формалност или бројка на советници. Општината треба да продолжи да се развива преку работа, одговорност и континуиран развој. Таа е нашиот заеднички дом и ние сме одговорни секојдневно да ја управуваме со визија и почит кон секој граѓанин. Остануваме посветени на дела – затоа што делата ја градат иднината, ја зголемуваат довербата и ја прават нашата општина подобро место за живеење.
Заедно со работа, со визија и со вашата доверба, ќе продолжиме да ја градиме општината каква што сите ја заслужуваме.

1. Миле Трајковски, роден 1985 година, магистер по маркетинг менаџмент, СДСМ
2. Тања Дејановска Митровска родена1980 година, дипломиран економист, СДСМ
3. Никола Јакимовски роден1994, дипломиран економист, СДСМ
4. Ангела Пешовска, родена 1998 година, дипломиран правник, СДСМ
5. Дејан Миленковски, роден1984 година, магистер по економски науки, СДСМ
6. Даниел Анѓеловски, роден 1979 година., магистер по технички науки од областа на градежништвото, СДСМ
7. Алексеј Николовски, роден2002 година, дипломиран економист на отсек е-бизнис, СДСМ
8. Боби Димитровски, роден1977 година, средно медицинско училиште, СДСМ
9. Катерина Митовска Наковска, родена 1977 година, дипломиран филолог, СДСМ
10. Лилјана Денчовска, родена 11970 година, средно образование, СДСМ
11. Горан Цоневски, роден 1989 година, професор по физичка култура, СДСМ
12. Маја Митровска, родена 1986 година. дипломиран професор по македонски јазик и литература, СДСМ
13. Андреј Алексовски, роден 2000 година, дипломиран професор по физичка култура, СДСМ
14. Марина Станојковска, родена 1976 година., средно образование, СДСМ
15. Катица Борисовска, родена 1954 година, средно образование, СДСМ

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**
- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- **Локална и патна инфраструктура**
  - Регионален патен правец Метежево – Огут;
  - Регионален патен правец Спасена – село Луке;
  - Изградба на патен правец село Б'С – Кошари;
  - Изградба на локален пат кон градските гробишта во Крива Паланка;
  - Изградба на ул. „Вршачка“ во с. Конопница;
  - Рехабилитација на локален пат во населба Лозаново;
  - Рехабилитација на дел од улица „Херој Карпош“;
  - Изградба на улица „Пиринска“ во населба Единство;
  - Изградба на локален пат во населба Мизовски Ливади во должина од околу 1,5 км;
  - Изградба на локален пат во село Конопница – Маала Чивлк;
  - Изградба на локален пат во село Кркља;
  - Изградба на улица „Ристена Гогова“;
  - Реконструкција на улица „Свети Јоаким Осоговски“ – Осички мост до мотел „Македонија“;
  - Изградба на улица „Баглачка“ во населба Баглак;
  - Изградба на улица „Кочо Рацин“;
  - Изградба на дел од улиците: „Осоговска“, „Климент Охридски“, „Македонска“, „Баглачка“ и дел од локален пат село Мартиница;
  - Реконструкција на улиците во населба Илинден : „Димитар Арсов“, „Трета македонска бригада“, „Ѓорче Петров“, „Димитар Влахов“, „Чупино Брдо“, „17.вмакедонска бригада“;
  - Изградба и реконструкција на централната градска улица (Соларски мост до Единство) ;
  - Реконструкција на улицата „Гоце Делчев“ и крак до Дрначка Маала;
  - Реконструкција на локален пат во село Мождивњак;
  - Рехабилитација на улиците: „8-ми Септември“, „Партизанска“ и „Моша Пијаде“;
  - Изградба на локален пат село Б'С – Кошари;
  - Изградба на пристапна улица покрај Скрљавски Дол;
  - Реконструкција на дел од улица „11-ти Октомври“;
  - Изградба на улица „Никола Тесла“;

- Реконструкција на улица „Пиринска";
- Реконструкција на улица „Јане Сандански" – крак 1 и крак 2;
- Реконструкција на улица „Ратко Минев";
- Уредување на јавен простор во населба Единство, комплекс згради;
- Уредување на јавен простор покрај кејски ѕид на Крива Река;
- Поставување и изградба на заштитна еластична ограда на повеќе локации во општината;
- Уредување на јавна површина и реконструкција на пристапна улица (пред Градски пазар) ;
- Поставена еластична заштитна ограда на улица „Св. Јоаким Осоговски" (Осички мост – мотел „Македонија").

- **Уредување на јавни простори и изградба на пешачки патеки**
  - Изградба на тротоари на влез/излез на Крива Паланка;
  - Уредување на пешачка патека – Бабин Дол кон манастирот „Св. Јоаким Осоговски";
  - Уредување на локалитет Станечки Водопади и пробивање на пешачка патека до Калин Камен;
  - Уредување на пешачка патека – Стара Вада;
  - Откуп на земјиште за депонија;
  - Реконструкција на Градечки, Соларски, Виолетов, Осички и Шанин мост;
  - Изградба на нов урбан парк и подигање зелени површини кај комплекс згради (Зелен градски пазар);
  - Партерно уредување на старо училиште во село Градец;
  - Изградба на модуларна катна гаража на локација на Зелен градски пазар.

- **Тампонирање на селски земјени патишта**
  - Тампонирање на селски земјен пат – село Конопница;
  - Тампонирање на селски земјен пат – населба Мизовски Ливади;
  - Тампонирање на селски земјен пат – Крстата Падина;
  - Тампонирање на пристапен земјен пат – Црвена Нива.

- **Изградба на потпорни ѕидови и калдрми**
  - Потпорна стена – улица „Никола Тесла";
  - Изградба на потпорен ѕид – населба Белево;

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Потпорна стена – улица „Калин Камен“;
- Потпорна стена – улица „Осоговска“;
- Потпорна стена – повеќенаменско игралиште во Дубје;
- Потпорна стена – улица „Херој Карпош“ (Трновска Маала);
- Санација на калдрма – улица „Моша Пијаде“ (Трновска Маала);
- Изградба на пешачка патека со калдрма – населба Метеоролошка.

● **Изградба на водоводна и канализациска мрежа, уредување на речни корита и регулација на долови**

- Изградба на минор корито на Крива Река – фаза 3 и фаза 4 со пешачки мост;
- Изместување на главен лев колектор – Градски пазар до Бегови Бавчи;
- Изградба на канализациска мрежа – Мождивњак;
- Изградба на фекална и атмосферска канализација – улица „Македонска“;
- Изградба и регулација на Домачки Дол;
- Изградба на систем за наводнување на земјоделски површини – Конопница;
- Инсталација на систем за намалување на загубите на вода за пиење;
- Изградба и регулација на коритото на Крива Река – фаза 4;
- Изградба и регулација на Куков Дол;
- Изградба на дел од канализациска мрежа – село Конопница, населба Трнци.

● **Обезбедување возила и техничка опрема за службите на ТППЕ и ЈП „Комуналец“, урбана опрема за јавни простори и опрема за транспарентност на Советот и јавни настани**

- Специјализирани возила за чистење – ЈП „Комуналец“;
- Трактор, метларка, мулчер, правосмукалки и косачки за потребите на ЈП „Комуналец“;
- Специјализирано возило за чистење снег;
- Обезбедена современа дигитална опрема за директен пренос на седниците на Советот и други јавни настани;
- Нови униформи и техничка опрема за ТППЕ Крива Паланка;
- Набавка на нова урбана опрема за Градски парк и плоштад;
- Набавка на 50 нови контејнери и 240 нови канти за отпад.

- **Опремување, изградба, реконструкција на локални и државни институции**
  - Проширување со надградба на нов кат во ОЈУДГ „Детелинка“ – објект „Поточиња“;
  - Реконструкција на подот, санитарии, електрична инсталација и обновена и поставена нова опрема во централната кујна;
  - Оградување и обнова на осветлување на сала „Бранители 2001“;
  - Реконструкција на спортски соблекувални, канцеларии и помошни простории – ООУ „Св. Јоаким Крчовски“;
  - Реконструкција на зграда во подрачно ООУ „Св. Јоаким Крчовски“ – село Луке: 6.000.000 денари;
  - Реконструкција на фасадата на ООУ „Св. Јоаким Осоговски“ – зграда „Партизан“;
  - Реконструкција и обновување на ентериерот на киносала при НУ Центар за култура;
  - Дневен центар за престој на стари лица и активно стареење;
  - Поставени фотоволтаични панели на 5 институции;
  - Реконструкција на објектот на „Македонија пат“.

- **Спортска инфраструктура**
  - Изградба на спортски терени и училишни дворови;
  - Спортски терен со подрачно училиште ООУ „Илинден“ – село Конопница;
  - Уредување на училиштен двор и изградба на спортски терен во ООУ „Св. Јоаким Осоговски“;
  - Фитнес и спортски содржини на отворено;
  - Фитнес-зона на спортски комплекс;
  - Изградба на полигон ПАМП-лента за велосипеди;
  - Повеќенаменско спортско игралиште – село Мождивњак;
  - Спортски терени со вештачка трева;
  - Спортски терен за мал фудбал на спортски комплекс;
  - Спортски терен за мал фудбал – село Конопница;
  - Обнова на спортскиот терен на ООУ „Св. Јоаким Осоговски“ – зграда „Партизан“
  - Изградба на нов зелен парк со спортски содржини и детско катче – населба Бавчал'к.



# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- **Детска инфраструктура**
  - Поставување детско катче – Градски парк;
  - Изградба на детско катче населба Лозаново;
  - Поставување детско катче ул. „8- ми Октомври";
  - Поставување детско катче за ОЈУДГ „Детелинка";
  - Изградба на детско катче во населба Илинден;
  - Поставување детско катче во дворот на објект „Пролетна роса" – ОЈУГД „Детелинка";
  - Изградба на спортски терен со детско катче и партерно уредување во близина на Метеоролошка станица;
  - Изградба на детско игралиште населба Скљава;
  - Изградба на детско катче за населба Единство;
  - Поставување ново детско катче со урбана опрема во градски парк;
  - Изградба на катче за деца со парк за домашни миленици кај спортски комплекс;
  - Изградба на детско катче со спортски терен во село Конопница м.в. Тополки.

- **Еднократна финансиска помош, субвенции и поддршка за млади и спорт**
  - Еднократна финансиска парична помош за секое новороденче;
  - Обезбеден бесплатен одмор за деца од социјален ризик;
  - Еднократна финансиска помош за лица со попреченост, преку локалниот буџет и соработка со социјалните служби;
  - Социјална услуга нега и грижа во домашни услови, во партнерство со Општинска организација на Црвен крст;
  - Еднократна финансиска помош и ранци за секое прваче од Општина Крива Паланка;
  - Еднократна финансиска помош за секој матурант од СОУ „Ѓорче Петров";
  - Финансиска поддршка за секој ученик од прва година во СОУ „Ѓорче Петров";
  - Стипендирање на успешни ученици и спортисти;
  - Бесплатни униформи за секој ученик во Крива Паланка;
  - Субвенции за млади невработени за купување дигитални уреди;

- Субвенции за студенти за купување дигитални уреди;
- Субвенции за млади за купување велосипед;
- Обезбедени бесплатни термини за млади за користење спортски сали и тениско игралиште кај спортски комплекс.

- **Реализирани значајни процеси во општината**
  - Нов генерален урбанистички план;
  - Изработка на Локален акциски еколошки план (ЛЕАП) за периодот 2025 - 2031, финансиран преку општински средства;
  - Изработка на Зелен катастар;
  - Добивање сертификат за стандардот ISO 9001:2015 – систем за управување со квалитетот на општината.

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Преземањето на централната власт беше силно почувствувано од жителите на Крива Паланка. Наместо очекувани инвестиции, економски раст и подобар живот, градот се соочи со застој, разочарување и изгубени перспективи.

- Една од првите и најпогубни одлуки на новата Влада беше стопирањето на изградбата на железничката пруга кон Бугарија – Коридор 8. Проектот беше прогласен за „неисплатлив“, се тврдеше дека завршува во „слепа улица“, а средствата беа најавени за пренасочување кон Коридорот 10. Со таа одлука државата изгуби 60 милиони евра неповратни средства од Европската Унија, средства со кои конечно ќе се реализираше сонот за железничко поврзување со источниот сосед и со европските пазари. Денес, само една година подоцна, истата таа Влада повторно го најавува истиот проект, по истиот план и со истиот тунел – но времето е изгубено, а европските средства се неповратно пропуштени.

- Наместо подобар стандард и нови инвестиции, граѓаните добија:

  - економски застој и инфлација што ги зголеми цените и го намали животниот стандард,





- нереализирани ветувања за инфраструктура во транспорт, здравство и образование,
- занемарена социјална политика и неправедни минимални зголемувања на пензиите од кои корист имаат само мал дел од пензионерите,
- нетранспарентност, со постојани политички конфликти што ја блокираат државата,
- нови милијарди евра задолжувања преку унгарски и британски кредити – без јасен план и без видлив развој.

- Последиците од ваквата политика во Крива Паланка се уште поочигледни. Наместо инвестиции во младите, туризмот, културата и енергетиката, градот гледа само застој и празни ветувања, многубројни локални проекти што останаа само на хартија.
- Жителите на Крива Паланка заслужуваат повеќе од празни изговори и изгубени можности. Тие бараат политика што носи резултати, отчетност и реални промени – за стабилна и сигурна иднина.

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто (повторно) се кандидирате? Што е мотивот?**

Се кандидирам повторно затоа што работата не е завршена. Заедно почнавме да ја менуваме Крива Паланка и гледаме дека може и подобро. Мојот мотив е едноставен – сакам нашите деца да растат овде, луѓето да имаат работа и сигурност, а општината да биде место каде што секој ќе се чувствува пријатно затоа што живее тука. Не бегам од одговорност – напротив, ја преземам повторно, затоа што верувам дека со чесна работа можеме уште повеќе.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој. Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Без визија нема ни пат. Ако не знаеме каде одиме, тогаш тапкаме в место. Мојата визија за Крива Паланка е да ја направам

општина што ќе биде пример за целата земја. Сакам младите да останат тука, луѓето да живеат достоинствено, а секој граѓанин да ја гледа својата иднина со надеж. Ако успееме заедно, ако покажеме дека чесно и одговорно управување носи резултати, Крива Паланка ќе стане модел за другите општини – доказ дека локалната визија и посветеноста на граѓаните можат да го променат целиот систем.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Инфраструктурата е важна, но самата по себе не ја менува сликата на животот тука. Во следниот мандат мора да се вложиме во проекти што ќе ги чувствува секој – подобро образование за децата, пристапни услуги, поддршка за младите, а истовремено грижа за нашите постари сограѓани. Мораме да создадеме можности за локалниот бизнис, за туризмот и културните активности – така што Крива Паланка ќе стане место каде што луѓето се гордеат што живеат.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се иднината на Крива Паланка и срцето на секоја наша одлука. Ако тие не ја гледаат својата иднина тука, тогаш целиот наш труд е залуден. Затоа секогаш ги ставам во прв план – тоа не е само став, тоа е моја обврска. Признанието 'Општина – пријател на младите' нè мотивира да продолжиме уште посилно. Во изминатиот мандат покажавме дека нашите  зборови ги претворивме во дела – стипендии за талентирани ученици и студенти, стипендии за младите спортисти, субвенции за превоз на студенти, субвенција за учениците запишани во прва година, парична помош за матуранти, бесплатни униформи, субвенции за дигитални уреди и велосипеди. Сето тоа со една цел: младите да гледаат иднина тука, во својот град. Во следниот мандат ќе одиме уште подалеку – ќе создаваме можности, ќе градиме самодоверба, ќе ги поттикнуваме креативноста и талентот за нашите млади да останат, да се развиваат и да ја градат заедничката иднина.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Безбедноста на граѓаните е многу значајна. Секој треба да се чувствува сигурно во својот дом, улица или населено место. Нашиот план е јасен и конкретен: ќе продолжиме со рехабилитација и изградба на нови улици, ќе ја подобриме јавната осветленост и ќе се грижиме за уредување и чистење на јавните простори. Со овие мерки секој граѓанин ќе почувствува дека неговата околина е безбедна, пријатна и удобна за живот.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Да, добро планираниот простор и организираната мобилност се клучот за побрз развој и поубав живот за сите нас. Во следниот период мораме да го средиме секој дел од градот – да рехабилитираме и да градиме улици, пешачки и велосипедски патеки, да поставиме безбедни пешачки премини, да го уредиме јавниот простор и осветлувањето и да планираме нови згради и паркинзи паметно и системски. Со овие мерки, секој ќе може да живее побезбедно, поудобно и достоинствено.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Во многу места имаме проблем со диви депонии, а граѓаните имаат сериозни забелешки за јавната чистота дури и во најурбаните места. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Не, не сме осудени да живееме во ѓубре и отровен воздух! Иако воздухот во нашиот град е чист, тоа не значи дека можеме да ја занемариме природата и јавната хигиена. Проектите што ги планираме како колектор и пречистителна станица, уредување на пешачки и велосипедски патеки, пешачки премини, рехабилитација на улиците и чистење на јавните површини и депонии, ќе обезбедиме здрава вода, чист воздух и уредена средина за сите граѓани. Чистата вода и воздух се наше право и наша обврска.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а општата перцепција на јавноста е дека корупцијата цвета во нашата држава. Дали може да ја повратиме таа доверба? Дали подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните може да даде нова надеж?**

Довербата на граѓаните се добива со дела, а не со зборови. Верувам дека со подобрување на општинските услуги, зголемување на транспарентноста и целосна отвореност кон граѓаните, можеме да ги вратиме надежта и уверувањето дека општината работи за доброто на сите. Мојата обврска како градоначалник е да слушам, да дејствувам чесно и да покажам дека секој граѓанин е важен и дека секоја потреба е приоритет.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми, а следствено и наталитетот е во драстично опаѓање. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето во своите места да продолжат да живеат со перспектива за себе и за своите деца?**

Иднина без луѓе не постои, и токму затоа мораме да создадеме услови граѓаните да сакаат да останат тука и да градат живот. Со инвестиции во современа инфраструктура, подобрување на животната средина, уредени улици, пешачки и велосипедски патеки, подобрени социјални услуги, како и можности за образование, ќе



им дадеме перспектива на семејствата и на младите. Кога ќе чувствуваат дека градот и селата им обезбедуваат достоинство, безбедност и квалитетен живот, луѓето ќе останат и ќе создаваат иднина за себе и за своите деца.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму вам довербата?**

Ја барам поддршката затоа што делата покажуваат посветеност и одговорност. Различни сме бидејќи ги реализиравме проектите што ги бараат граѓаните и им го подобруваат животот. Со довербата од граѓаните ќе продолжиме да градиме град што нуди сигурност, достоинство и квалитетен живот за сите. Заедно можеме да направиме вистинска промена.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

## ● ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЕКОЛОГИЈА

Во изминатите години грижата за животната средина во Општина Крива Паланка е поставена на високо ниво. Хигиената во градот значително се подобрува, а секојдневните акции на службите придонесуваат за тоа и граѓаните да водат повеќе грижа. Како градоначалник, во наредниот период ќе ги продолжам проектите што покажаа резултати, а заедно ќе имплементираме нови проекти што ќе го подобрат квалитетот на животот во Општина Крива Паланка.

### 1.1 Промена на фасадната конструкција на колективните згради со типски модел

Санација на фасадите на колективните станбени згради преку примена на унифициран, енергетски ефикасен типски модел на фасадна конструкција. Со ова ќе се овозможи поекономична реализација, подобар визуелен изглед и значително намалување на енергетските загуби. Мерката вклучува изработка на типска техничка документација и субвенционирање на изведбата за заедниците на станари.

**Рок на реализација** 2028-2029

**Вредност** 500.000 евра

**Локација:** Колективни домувања во Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** донатори и Општина Крива Паланка





### 1.2 Собирање и селектирање електричен отпад

Поставување пунктови за собирање електричен отпад на јавни површини и во образовните институции.

**Рок на реализација** 2025-2029

**Вредност** 400.000 денари

**Локација:** Обележани локации во градот

### 1.3 Собирање, селектирање и рециклирање хартија

Општина Крива Паланка во соработка со ЈП „Комуналец" Крива Паланка ја проширува дејноста за собирање и селектирање хартија. Ќе бидат поставени типизирани контејнери на повеќе локации низ општината. Ќе се пристапи кон рециклирање на хартијата од страна на овластена компанија во соработка со ЈП „Комуналец" Крива Паланка

**Рок на реализација** 2026-2029

**Вредност:** 2.500.000 денари

**Локација:** различни локации

**Инвеститор:** ЈП „Комуналец"

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

### 1.4 Пречистителна станица за град Крива Паланка

Изградба на главен колектор и изградба на прочистителна станица на Крива Река (по фази). Со реализација на овој проект значително ќе се подобри животната средина во општината.

**Рок на реализација** 2025-2029

**Вредност:** 10.000.000 евра

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 1.5 Дигитален систем за наводнување зелени површини

Со овој проект ќе добиеме значителна заштеда на вода, како и поквалитетни зелени површини.

**Рок на реализација** 2027-2029

**Вредност:** 10.000 евра

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 1.6 Поставување решетки на речното корито на Крива Река и Дурачка Река

Поставување решетки за прифаќање крупен отпад што се движи по водата во речното корито, што ќе придонесе за заштита на биодиверзитетот.

**Рок на реализација** 2026 - 2029 година

**Вредност:** 200.000 денари

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 1.7 Поставување подземни контејнери

Поставување подземни контејнери и набавка на возило за почиста, поуредена и поеколошка општина. Оваа инвестиција ќе придонесе за подобрување на урбаната средина, заштита на здравјето на граѓаните и ефикасно управување со отпадот на долг рок.

**Рок на реализација** 2027-2029

**Вредност:** 400.000 евра

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка и донатори

### 1.8 Подигнување нови зелени површини

Подигнување нови зелени површини покрај магистралниот пат и во околните населби

**Рок на реализација** 2027 - 2029

**Вредност** 1.000.000 ден

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 1.9 Промена на атмосферски решетки и сливници на територијата на Крива Паланка

Проектот предвидува замена на оштетени и дотраени атмосферски решетки и сливници на повеќе локации низ урбаното подрачје на Крива Паланка. Активностите опфаќаат демонтажа на постојните елементи, поставување нови решетки и сливници согласно со стандардите за безбедност и проток, како и подобрување на одводната инфраструктура за поефикасно справување со атмосферските води.

**Рок на реализација** 2027 - 2029

**Вредност:** 500.000 денари

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 1.10 Поставување фотоволтаичен парк со моќност до 1 MW над катната гаража

Проектот предвидува поставување фотоволтаичен парк со инсталирана моќност до 1 MW на покривната конструкција од новоизградената катна гаража во Крива Паланка. Системот ќе се состои од соларни панели, инвертери и потребна електроинфраструктура за поврзување со електроенергетската мрежа. Проектот ќе се реализира согласно со важечките технички и енергетски стандарди.

**Рок на реализација** 2027 - 2029

**Вредност:** 100.000 евра

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка и донатори

## ● СООБРАЌАЈ

Сообраќајната инфраструктура е основен услов за економски развој, безбедност и поквалитетен живот. Нашата визија е Крива Паланка да стане урбанистички уреден и поврзан град, со одржлив и достапен сообраќај – од центарот до најоддалеченото село. Со модерни, безбедни и функционални решенија, ќе ги подобриме условите за движење на граѓаните, стопанството и јавните служби.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

**2.1 Обновување на постојната хоризонтална и вертикална сигнализација**

- Замена на старите и дотраени сообраќајни знаци во град Крива Паланка
- Обнова на хоризонталната сигнализација
- Заштита на најмладите учесници во сообраќајот и зголемена безбедност пред основните и средни училишта.
- Поставување лежечки полицајци и хоризонтална сигнализација пред главните влезови на училиштата.

**Рок на реализација** 2027 - 2028

**Вредност:** 1.000.000 денари

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

**2.2 Воведување зонско паркирање во урбаниот дел на градот**

Подобрување на уреденоста на јавниот простор и олеснување на секојдневното паркирање за жителите и деловните субјекти.

- Воведување зонско паркирање со различна цена и време – зелена (бесплатна за станари), сина и црвена зона
- Поставување паркомати и можност за плаќање преку мобилна апликација
- Обележување на паркинг-места за лица со попреченост и мајк со мали деца
- Создавање резервирани паркинг-зони кај Општината, здравствените установи и пазарот.

**Рок на реализација:** 2027-2029

**Вредност:** 700.000 денари

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

**2.3 Насипување и тампонирање на земјени патишта во планинските предели, особено за пристап до земјоделски и сточарски површини.**

- Подобрена пристапност до руралните и земјоделски подрачја, како предуслов за развој и останување на населението во селата.
- Идентификација на приоритетни рурални патишта што водат до ниви, пасишта и оддалечени куќи
- Механичко тампонирање и насипување со тампон-материјал.

**Рок на реализација:** 2027-2029

**Вредност:** 1.000.000 денари

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 2.4 Воспоставување меѓуопштинска соработка со Општина Ранковце за воведување меѓуопштински линиски превоз

Проектот предвидува воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крива Паланка и Општина Ранковце за воведување организиран меѓуопштински линиски превоз на патници. Целта е да се обезбеди редовна, достапна и ефикасна транспортна услуга за граѓаните на двете општини, особено за ученици, работници, повозрасни лица. Активностите вклучуваат усогласување на надлежности, определување на временскиот распоред, избор на оператор и обезбедување соодветна автобуска инфраструктура. Проектот придонесува кон подобра мобилност, економска поврзаност и зголемен квалитет на живот во пограничниот регион.

**Рок на реализација** 2027-2029

**Вредност** 50.000 евра

**Локација** Општина Крива Паланка

**Инвеститори:** Општина Крива Паланка и Општина Ранковце

## 3. УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

### 3.1 Изработка на ДУП за дел од блок С-01 (Градски базен)

Со донесување на овој детален урбанистички план, Крива Паланка ќе добие нов затворен базен и нови придружни содржини, кои покрај што ќе дадат нов, урбан лик на градот, општината ќе инвестира во здравјето, спортот и благосостојбата на граѓаните, а со тоа и во самиот квалитет на животот во градот. Со соодветна поддршка и планирање, овој простор ќе стане важен центар за развој и напредок.

**Рок на реализација** 2027 – 2029

**Вредност:** 900.000 денари

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 3.2 Изработка на ДУП за дел од блок J-01 (кај клучката со експресниот пат)

Изработката и донесувањето на овој детален урбанистички план којшто ќе биде со намена за изградба на деловни објекти е од голема важност за градот. Планирањето на површини за деловни објекти е клучен елемент во секој модерен град. Донесувањето на овој план значи стимулирање на локалната економија и вработеност, создавање зони за комерцијална активност,

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

подобрување на квалитетот преку лесна достапност на услуги, како и растоварување на централното градско подрачје преку рамномерно распределување на деловните функции.

**Рок на реализација** 2027 – 2029

**Вредност** 700.000 ден

**Локација** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 3.3 Изработка на ДУП за дел од блок 3-02 (Мизовски Ливади)

Изработката и донесувањето на овој детален урбанистички план, кој ќе биде со намена за изградба на објекти за домување, ќе овозможи урбано ширење на градот кон југозапад и создавање нова урбана населба, бидејќи постои потреба од населување на нова зона и создавање услови за легална изградба на станбени објекти. Со донесување на овој план ќе се добие нова организирана и инфраструктурно подготвена населба наместо хаотично и диво изградена зона, зголемена вредност на земјиштето и безбедност на инвестициите, како и подобра контрола врз урбаниот раст и одржлив развој.

**Рок на реализација** 2027 - 2029

**Вредност:** 900.000 денари

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 3.4 Изработка на планска документација за Калин Камен

Со донесување на оваа планска документација, општината ќе овозможи контролирана градба на овој простор, без притоа да се наруши природата. Ќе се предвидат зони за изградба на сместувачки капацитети, пешачки и велосипедски патеки, скијачка патека и жичарница, обезбедување пристапна и еколошка инфраструктура, заштита на природните ресурси преку јасно обележани зелени и заштитни зони. Донесувањето на оваа планска документација е основа за паметно користење на просторот, задоволување на јавниот интерес и заштита на природните богатства. Овој план е предуслов за економски и еколошки развој.

**Рок на реализација** 2027 - 2029

**Вредност:** 750.000 денари

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

## 4. ОПШТИНА – СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ

### 4.1 Е-општина

Онлајн креирање и плаќање на сите услуги што ги нуди општината, односно онлајн наплата за решенија за данок на имот и комунална такса, извод од ДУП, елаборат за животна средина, барање за поставување урбана опрема, комплетна и сл.

**Рок на реализација** 2026 - 2029

**Вредност** 600.000 денари

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 4.2 Поставување паметни информативни табли преку ЈПП

Поставување паметни информативни табли на повеќе локации во градот (плоштад, парк, ул. „Св. Јоаким Осоговски"). На овие табли би се презентирале сите новости и случувања во градот, информации за сервиси што ги нуди општината и би нуделе бесплатен интернет.

**Рок на реализација** 2026 - 2027

**Вредност:** 800.000 денари

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 4.3 Реконструкција на фасадата на општинската зграда

Проектот предвидува реконструкција на фасадата на општинската зграда на Крива Паланка, со цел подобрување на естетскиот изглед, енергетската ефикасност и заштитата на објектот. Активностите опфаќаат санација на оштетените делови, поставување нова термофасада со изолација, замена или обнова на фасадната столарија и изведба на декоративни елементи во согласност со архитектонскиот стил на објектот. Со проектот се очекува намалување на потрошувачката на енергија, подобрување на условите за работа во општинската администрација и визуелно уредување на централното градско подрачје.

**Рок на реализација** 2027 - 2028

**Вредност:** 2.500.000 денари

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

## 5. ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И МЛАДИ

### 5.1 Доуредување на спортски комплекс

Спортски комплекс е место во кое се случуваат најголемите спортски збиднувања. Во изминатите години беа реализирани неколку проекти во рамките на овој комплекс. Во наредните години, со реализација на планираните проекти, спортскиот комплекс дополнително ќе се модернизира и ќе може да ги подобри можностите за спорт и рекреација.

- обнова на тревна површина и поставување систем за наводнување
- изградба на помошни патеки
- поставување урбана опрема
- изградба на нови паркинг-места за потребите на спортскиот комплекс
- осветлување на спортскиот комплекс
- соблекувална со туш за рекреативни и врвни спортисти.

**Рок на реализација** 2027 - 2028

**Вредност :** 16.000.000 денари

**Локација** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 5.2 Реконструкција и доопремување на училишните спортски сали

Реконструкцијата и доопремувањето на училишните спортски сали не е само градежен зафат, туку инвестиција во здравјето, образованието и иднината на нашите млади. Со подобрувањето на спортската инфраструктура, создаваме безбедни услови за физичка активност и инвестираме во развој на талентираните спортисти. Со реконструкција и модернизација на спортските сали, вложуваме во здравјето, едукацијата и иднината на нашите деца.

**Рок на реализација** 2027 - 2028

**Вредност:** 80.000 евра

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка, донации и меѓународни фондови

### 5.3 Изградба на повеќенаменски игралишта и фитнес-зона

Изградбата на повеќенаменски игралишта ќе создаде безбеден, модерен и функционален простор за сите генерации. Ваквите терени ќе ја поттикнат физичката активност и активвниот начин на живот, создавајќи простор за дружење, спорт и рекреација за сите генерации.

**Рок на реализација** 2028 - 2029

**Вредност:** 100.000 евра

**Локација:** Општина Крива Паланка и СОУ „Ѓорче Петров“

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка и меѓународни фондови

### 5.4 Поддршка на спортските клубови

Со зголемување на поддршката на спортските клубови би дошло до унапредување на програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на спортот, со цел унапредување на сите индивидуални и колективни спортски клубови.

**Рок на реализација** 2026 - 2029

**Вредност:** 2.000.000 денари

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 5.5 Поддршка на спортски манифестации

Со ова ќе се обезбедиме поддршка на сите турнири, проекти, како и сите други организации и манифестации на спортските клубови.

**Рок на реализација** 2025 - 2029

**Вредност:** 1.500.000 денари

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 5.6 Обележување на планинарска патека со изградба на летниковци

Природните убавини на нашата општина нудат одлични можности за развој на планинскиот туризам и рекреацијата на отворено. Со обележување на планинарска патека и изградба на летниковци, ќе создадеме безбедна, уредена и атрактивна рута за љубителите на природата, планинарите и туристите.

**Рок на реализација** 2026 - 2027

**Вредност:** 600.000 денари

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 5.7 Поставување нови фитнес-зони на отворено во парковите и на јавните простори

Овие фитнес-зони ќе придонесат за подобрување на здравјето и физичката активност кај граѓаните и ќе ја зголемат искористеноста на јавните простори создавајќи нови можности за социјализација и групни активности. Ваквите зони се еколошки одржливи и бараат минимално одржување, што ги прави одлична долгорочна инвестиција за локалната заедница.

**Рок на реализација** 2027 - 2028

**Вредност:** 5.000.000 ден

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка и меѓународни фондови и донации

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

### 5.8 Изградба на картинг-центар

Со цел да се збогати спортската понуда во Општина Крива Паланка и да се создаде нова туристичка и рекреативна атракција, ќе се реализира проект за изградба на современ картинг-центар. Овој центар ќе биде првиот од ваков тип во регионот и ќе обезбеди можност за професионален и рекреативен картинг, како и за организирање различни натпревари и манифестации.

**Рок на реализација** 2025 - 2029

**Вредност:** 1.000.000 евра

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Меѓународни фондови

### 5.9 Мерки за поддршка на ученици, студенти и млади лица

- Еднократна парична помош по 3 000 денари за матуранти запишани во учебната 2025/2026 година во СОУ „Ѓорче Петров" во Крива Паланка
- Еднократна парична помош за секое првоодделенче
- За секој запишан ученик во прва година во СОУ „Ѓорче Петров" во Крива Паланка по 2 000 денари месечна субвенција за период од девет месеци
- Субвенции за набавка на дигитални уреди за студенти до 29 г.
- Субвенции за набавка на дигитални уреди за млади невработени лица до 29 години
- Стипендии за талентирани ученици и студенти
- Стипендии за талентирани спортисти
- Субвенциониран превоз на студенти
- Субвенции за набавка на велосипеди за млади лица до 29 години.

### 5.10 Формирање и опремување на сензорна соба за деца со специфични потреби (аутизам, Даунов синдром...)

Формирањето сензорна соба во СОУ „Ѓорче Петров" за подобрување на квалитетот на живот на децата со специфични потреби, ќе им овозможи соодветна поддршка во нивниот развој и ќе создаде инклузивна средина во која тие ќе можат да го достигнат својот потенцијал. Оваа иницијатива е значаен чекор кон создавање поинклузивно општество што ги поддржува сите свои граѓани.

**Рок на реализација** 2027 - 2028

**Вредност:** 600.000 ден

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 5.11 Бесплатен оброк за секој ученик до петто одделение

Обезбедување бесплатен оброк за сите ученици од прво до петто одделение. Со тоа, околу 600 ученици ќе добиваат по еден здрав оброк на ден со специјално мени подготвено од нутриционист.

**Рок на реализација** 2027 - 2029

**Вредност:** 50.000.000 денари

**Локација:** Општина Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 5.12 Изработка на техничка документација за доградба на 10 нови кабинети со цел едносменско работење во СОУ „Ѓорче Петров"

Проектот предвидува изработка на техничка документација за доградба на 10 нови кабинети во соработка со СОУ „Ѓорче Петров", со цел овозможување услови за едносменско работење. Доградбата ќе обезбеди дополнителни простории за настава и други активности, со што ќе се подобри капацитетот и квалитетот на образовниот процес. Техничката документација ќе ги вклучи сите потребни архитектонски, конструктивни и инсталациски решенија, усогласени со законските и безбедносните стандарди. Оваа иницијатива е значаен чекор кон модернизација на училиштето и подобрување на условите за учениците и наставниот кадар.

**Рок на реализација:** 2028 - 2029

**Вредност:** 6.000.000 денари

**Инвеститори:** СОУ „Ѓорче Петров", Општина Крива Паланка, Влада на РСМ

### 5.13 Адаптација на тоалет за ученици со посебни образовни потреби

Проектот предвидува адаптација на тоалетна просторија за ученици со посебни образовни потреби во општински образовни објекти. Активностите вклучуваат приспособување на просторот според принципите на пристапност и безбедност, поставување соодветни санитарни уреди, рачки за поддршка, безбеден пристап и сл. Целта е да се обезбедат услови за еднаков пристап и користење на санитарните простории од сите ученици, со што се промовира инклузијата и подобрувањето на квалитетот на образованието.

**Рок на реализација** 2028 – 2029

**Вредност** 200.000 денари

**Инвеститори:** ООУ „Св. Јоаким Крчовски", ООУ „Илинден" и СОУ „Ѓорче Петров"

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **КУЛТУРА**

### 6.1 Реконструкција на зградата на Старо радио

Обезбедување простор за млади што целат кон заедничка соработка при извршување на своите училишни и вонучилишни активности.

**Рок на реализација** 2028 - 2029

**Вредност:** 2.000.000 денари

**Локација:** Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

### 6.2 Реконструкција на НУ Центар за култура Крива Паланка

Подобрени услови и најсовремена опрема ќе го претворат просторот во вистински центар за културни настани, уметност и заеднички моменти. Ќе се овозможат поквалитетни филмски проекции, театарски претстави, камерни концерти, изложби, промоции и дебати. Дополнително, ќе биде воведен енергетски ефикасен систем за греење и ладење, обезбедувајќи одржливост и удобност за сите посетители.

**Рок на реализација** 2026 - 2027

**Вредност:** 10.000.000

**Локација:** Крива Паланка

**Инвеститор:** меѓународни фондови

### 6.3 Партерно уредување на просторот кај Градски музеј

Просторот околу Градскиот музеј заслужува да биде уреден со вкус, со почит кон културното наследство и со визија за модерен, отворен градски простор. Со ова партерно уредување, музејот ќе добие достоинствена рамка што ќе ја зголеми неговата видливост и привлечност, а граѓаните ќе добијат ново омилено место за прошетки, одмор и инспирација.

**Рок на реализација** 2028 - 2029

**Вредност:** 3.000.000 денари

**Локација:** Крива Паланка

**Инвеститор:** меѓународни фондови

### 6.4 Развој и поддршка на локалните културни манифестации

- Поддршка и унапредување на веќе постојните настани (Кривопаланечко културно лето)
- Организирање годишен Фестивал на традиција и култура, каде што ќе се претставуваат локални уметници, занаетчии и фолклорни друштва.
- Поддршка на локални млади уметници и културните работници
- Финансиска поддршка за уметници преку доделување грантови за независни културни проекти во различни области – музика, филм, литература, фотографија.
- Промоција на локалните културно-историски споменици и археолошки локалитети
- Создавање туристичка културна рута, која ќе ги поврзе историските знаменитости со локалните уметнички атракции.
- Поддршка на локалните културните друштва.

**Рок на реализација** 2026 - 2029

**Вредност:** 35.000.000 денари

**Локација:** Крива Паланка

**Инвеститор:** Општина Крива Паланка

## ● СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Социјалната заштита и поддршката на семејствата со ниски примања се клучни приоритети на Општина Крива Паланка. Преку низа мерки и иницијативи, ќе се обезбеди финансиска и логистичка помош за ранливите категории граѓани, со цел подобрување на нивниот животен стандард и создавање еднакви можности за сите.

### 7. 1. Ослободување од комунални трошоци за млади при прво домување

Со цел да ги поддржиме младите во обезбедување на нивниот прв дом, општината ќе воведе ослободување од комунални трошоци при изградба или купување на првото домување. Оваа мерка ќе ја намали финансиската тежина врз младите семејства и ќе ги поттикне да останат и да создаваат во нашата општина.

**Рок на реализација** 2027 - 2029

**Вредност:** 1.000.000 денари

### 7.2 Финансиска поддршка за пензионери со ниски примања

Мерката предвидува обезбедување еднократна финансиска помош за пензионери со ниски пензии, како поддршка за надминување на социјално-економските предизвици со кои се соочуваат.
Целта на мерката е ублажување на последиците од зголемените трошоци за живот, поттикнување социјална сигурност и поддршка

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

на достоинствено стареење. Оваа мерка претставува дел од сеопфатната локална социјална политика насочена кон ранливите категории население.

**Рок на реализација** 2028 - 2029

**Вредност:** 4.000.000 денари

### 7.3 Финансиски надоместок во висина од 15 000 денари за новороденче, запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка

Оваа мерка предвидува еднократен финансиски надоместок за секое новороденче чие живеалиште (постои адреса на живеење) е регистрирано на територијата на Општина Крива Паланка. Целта е да се поддржат младите семејства и да се стимулира наталитетот во општината преку директна финансиска помош во првите месеци по раѓањето на детето.

**Рок на реализација** 2025 - 2029

**Вредност:** 6.000.000 денари

### 7.4 Еднократна парична помош за различни категории

- Еднократна парична помош на лица со попреченост, тешка и длабока попреченост.
- Финансиска поддршка за летување на деца од социјално загрозени семејства во лоша финансиска состојба.
- Помош на лица што претрпеле елементарна непогода.

**Рок на реализација** 2025-2029

**Вредност:** 2.500.000 ден

### 7.5 Обезбедување помош и нега на стари лица

Проектот опфаќа помош и нега во домот на стари лица, со него обезбедуваме помош во вршење на основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет што не можат сами да се грижат за себе. Услугата опфаќа околу 100 стари лица. Проектот ќе го реализира Општина Крива Паланка во соработка со Министерството за труд и социјална политика.

**Рок на реализација** 2025 - 2027

**Вредност:** 29.000.000 денари

**Инвеститори:** Општина Крива Паланка и Министерство за социјална политика, демографија и млади

### 7.6. Субвенционирање пензионери при купување огревно дрво

Обезбедување финансиска поддршка за пензионерите при набавка на огревно дрво за грејната сезона, со цел подобрување на нивните животни услови и справување со енергетската сиромаштија. Субвенцијата ќе се доделува врз основа на јавен повик, со јасни критериуми на транспарентен начин, со посебен фокус на грижа за пензионерите.

**Рок на реализација** 2026 - 2028

**Вредност:** 10.000.000 денари

### 7. Организација на еднодневни екскурзии за пензионери

Општината ќе обезбеди еднодневни екскурзии за пензионери, со цел да им се овозможи излез од секојдневието, дружење, рекреација и посета на културните и природно значајни дестинации. Екскурзиите ќе вклучат организиран превоз, водич и програми според нивните потреби.

**Рок на реализација** 2026 - 2028

**Вредност:** 300.000 денари

## ● ТУРИЗАМ

Туризмот ќе биде приоритетна гранка за развој, со фокус на искористување на природните убавини, културното наследство и планинскиот потенцијал на Крива Паланка. Преку инвестирање во туристичка инфраструктура, обележување патеки, урбанизација на туристички зони, особено на локалитетот Калин Камен, преку развој на зимски и активен туризам. Туризмот ќе го трансформираме во одржлива гранка што генерира приходи, нови работни места и препознатливост на општината како атрактивна дестинација.

### 8.1 Туристичко биро

Отворање на туристичкото биро што ќе претставува информативен и сервисен центар за туристите во Крива Паланка. Неговата улога е да обезбеди комплетни и ажурирани информации за туристичките атракции, сместувачки капацитети, културни настани и локални услуги. Бирото ќе служи како промотивен пункт за развој на туризмот, поддршка на локалните водичи и оператори, како и организација на туристички активности и патувања. Со ова биро ќе се зголеми видливоста на општината како туристичка дестинација и ќе се олесни пристапот до информации за посетителите, што ќе придонесе за зголемување на поддршка на локалната економија и создавање нови работни места во секторот за туризам.

**Рок на реализација** 2027 - 2028

**Вредност:** 2.000.000 денари

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

### 8.2 Урбанизација на Калин Камен со мини ски-патека и ски-лифт

Проектот предвидува урбанизација на туристичката зона Калин Камен со изградба на мини ски-патека и ски-лифт, со цел развој на зимскиот туризам и рекреативни активности. Со уредување на теренот, поставување ски-инфраструктура и поврзување со пристапни патеки, ќе се овозможи пристапна и безбедна скијачка зона за локалното население и посетителите. Овој проект има цел да го збогати туристичкото портфолио на општината, да поттикне зимски спортови и да ја промовира природната убавина на Калин Камен како атрактивна дестинација за рекреација.

**Рок на реализација** 2028 - 2029

**Вредност:** 400.000 евра

### 8.3 Изградба на мини пречистителна станица во Калин Камен

Проектот предвидува **изградба на мини пречистителна станица за** отпадни води во Калин Камен со цел заштита на животната средина и одржлив развој на туристичката зона. Пречистителната станица ќе овозможи ефикасно третирање на отпадните води од сместувачките капацитети, угостителските објекти и другите поврзани инфраструктури, со што ќе се спречи загадување на почвата и водните ресурси. Оваа пречистителна станица ќе биде креирана според современи технолошки стандарди, со ниска енергетска потрошувачка и лесно одржување, обезбедувајќи одржливо управување со водните ресурси во Калин Камен.

**Рок на реализација** 2028 - 2029

**Вредност:** 300.000 евра

### 8.4 Проектирање и изградба на велосипедска планинска патека

Проектот предвидува проектирање и изградба на велосипедска планинска патека во Општина Крива Паланка, со цел промоција на активниот туризам и развој на рекреативни содржини. Патеката ќе биде уредена според стандардите за безбедност и еколошка одржливост, приспособена кон природниот терен. Со оваа инвестиција се овозможува развој на велосипедски спортови, подобрување на инфраструктурата за туристи и локалното население, како и заштита на природните вредности во регионот.

**Рок на реализација** 2028 - 2029

**Вредност:** 10.000.000 денари.

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ

И КОАЛИЦИЈАТА

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Челична пешачка конструкција на магистралниот пат А2 на локација Бегови Бавчи, Бавчал'к и Градечки мост

Проектот се однесува на изградба на челични пешачки конструкции над патот А2. Тој има цел да обезбеди безбедни премини за пешаците во населбите Бегови Бавчи, Бавчал'к и околните места, кои досега биле изложени на ризик поради близината на еден од најфреквентните патишта во државата. Конструкциите е планирано да бидат модерни, сигурни и трајни, со што ќе овозможат безбедно и достоинствено преминување на улица за сите жители.

**Влијание на проектот:**

Новиот пешачки премин над патот А2 обезбедува безбедност, достоинство и подобар секојдневен живот за жителите.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација:**

2028 - 2029 година

**Буџет** 1.500.000 евра





# Изградба на главен лев фекален колектор за Крива Паланка и пречистителна станица (по фази)

Проектот за изградба на нов колектор и современа пречистителна станица во Крива Паланка е стратегиска инвестиција за заштита на животната средина и унапредување на јавната хигиена. Со изградбата на модерната инфраструктура, отпадните води од градот ќе се собираат и ќе се пречистуваат на ефикасен и безбеден начин. Оваа интервенција не само што ќе овозможи чиста и здравствено безбедна животна средина за жителите туку и одржливо управување со водните ресурси.

Проектот е клучен чекор кон современ систем за управување со отпадни води што ги задоволува европските стандарди за заштита на животната средина и создава услови за подобар квалитет на животот и здрава заедница.

**Влијание на проектот:**
Изградба на нов колектор и современа пречистителна станица за чиста река, здраво опкружување и подобрување на квалитетот на животот во Крива Паланка.

**Целна група:** Сите граѓани

**Рок на реализација** 2027 - 2029 година

**Буџет** 10.000.000 евра

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ■ Реконструкција, адаптација и пренамена на училиштен дом „Боро Менков“ во Јавна општинска установа за вонсемејна заштита во Општина Крива Паланка

Со овој основен проект е предвидена реконструкција, адаптација и пренамена на постојниот објект во установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица. Се обезбедува ново функционално решение со простории за домување, дневен престој, кујна, трпезарија, рецепција, санитарии, канцеларии за персонал и технички простории. Предвидена е и целосна санација на покривот, поставување лифт, нови олуци и приспособување на пристапот за лица со намалена подвижност. Се уредува и околниот простор со нова ограда, рампи и паркинг надвор од парцелата. Проектот вклучува употреба на материјали во согласност со важечките технички норми.

**Влијание на проектот:**

Проектот обезбедува безбедна, удобна и достапна средина за стари лица, со модерни простории, приспособен пристап за лица со посебни потреби и уреден околен простор.

**Целна група:** Возрасни  и стари лица

**Рок на реализација** 2027 - 2028 година

**Буџет** 60.000.000 денари



СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ПРОЕКТИ

## Изградба на улица покрај левиот брег на Крива Река во Крива Паланка (сервисна улица)

Новата улица покрај левиот брег на Крива Река ќе го растовари сообраќајот на главната улица, обезбедувајќи нов пристап до објектите и зголемена можност за урбано уредување на левиот брег на реката. Новата улица покрај левиот брег на Крива Река ќе го растовари сообраќајот на главната улица и ќе обезбеди нов пристап до објектите и ќе ги зголеми можностите за урбано уредување на левиот брег на реката.

**Влијание на проектот:**

Проектот ќе придонесе за намалување на метежот и подобрување на протокот на возила и пешаци на главната улица, како и полесен пристап до објектите и деловните активности покрај реката. Со новата улица се очекува зголемена сообраќајна безбедност и создавање услови за одржливо урбано планирање.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2027 - 2028

**Буџет**

75.000.000 денари





# Боемска улица покрај Дурачка Река (од Соларски мост до вливот на Крива Река со Дурачка Река)

Проектот „Боемската улица" покрај Дурачка Река е повеќе од обично урбано уредување – тој претставува визија за живот во Крива Паланка. Улицата комбинира природни елементи и урбан дизајн, враќајќи ја реката во секојдневието на градот. Просторот ќе биде отворена сцена за креативност, културни активности и заедништво, овозможувајќи нови начини на користење на јавниот простор и создавање инспиративна атмосфера за граѓаните и посетителите.

**Влијание на проектот:**

Проектот „Боемската улица" ќе создаде простор за културни настани, уметнички изложби и активности што поттикнуваат заедништво и креативност. Проектот ќе ја стимулира локалната економија преку туризам, нови деловни можности и промоција на градот како атрактивна дестинација.

**Целна група:**

Сите групи

**Рок на реализација**

2028 – 2029 година

**Буџет**

500.000 евра

# ПРОЕКТИ

## Реконструкција и адаптација на станбено-деловен објект над ЕУ Куќа

Со проектот се предвидува реконструкција на фасадата, адаптација на внатрешниот простор, измена на партерот, како и обезбедување пристап за лица со попреченост. Објектот ќе прерасне во современ станбено-деловен простор, со нова програма, која опфаќа три сегменти:

- Community center

Простор што служи како отворено место за дружење, соработка и културно-социјални активности на локалното население.

- Education center

Современ едукативен простор наменет за формално и неформално учење, развој на вештини и одржување обуки.

- Co-working & Event space

Флексибилен и динамичен простор за индивидуална работа, деловна соработка и организирање професионални и креативни настани

**Влијание на проектот:**
Со овој проект градот добива современ простор отворен за сите, вклучувајќи и лица со попреченост. Ќе биде место за дружење, култура и настани, што ќе го збогати животот во заедницата и ќе ја зајакне поврзаноста меѓу граѓаните.

**Целна група:**

Сите групи

**Рок на реализација**

2028 - 2029 година

**Рок на реализација**
21.000.000 денари

## Изградба на колски мост за поврзување на левиот и десниот брег на град Крива Паланка кај Зелен градски пазар

Проектот предвидува изработка на техничка документација за изградба на нов колски мост за поврзување на левиот и десниот брег на Крива Река во централното градско подрачје на Крива Паланка, во непосредна близина на Зелениот градски пазар. Целта е да се подобри сообраќајната поврзаност, пристапноста и функционалноста на урбаното јадро, преку нова врска што ќе го растовари постојниот сообраќај и ќе овозможи побрзо и побезбедно движење на возилата и пешаците.

Мостот ќе биде со современа конструкција, соодветна за двонасочен сообраќај и пешачки тротоари од двете страни, со поставена соодветна сигнализација, заштитни огради и осветлување. Овој мост

е од големо значење за унапредување на урбаната мобилност, економските активности и поврзување на централните и периферните зони на градот.

**Влијание на проектот:**
Со овој проект ќе се подобри сообраќајната поврзаност и протокот на возила, ќе се растовари централното градско подрачје и ќе се овозможи побрзо и побезбедно движење на граѓаните. Новиот мост ќе придонесе за поголема функционалност на урбаното јадро, полесен пристап до пазарот и деловните зони, како и зајакнување на економските активности и секојдневниот живот во градот.

**Целна група:** Сите групи

**Рок на реализација** 2028 - 2029 година

**Буџет** 550.000 евра

## Градска чаршија на потегот од Градски музеј до Соларски мост и од Соларски мост до Кадиска чешма

Проектот „Градска чаршија" претставува уредување и ревитализација на еден од најзначајните делови од градското јадро на Крива Паланка. Ова е концепт што го враќа историскиот дух и идентитет на градот, преку зачувување и нагласување на традицијата и автентичниот изглед на чаршијата. Со модерни, но внимателно вклопени решенија, се создава простор, кој е истовремено функционален и инспиративен – место за прошетки, средби, културни настани и занаетчиска активност. Проектот ќе биде атрактивна точка за туристите и посетителите, со што ќе се поттикне живоста на центарот и ќе се зајакне културниот и економскиот пулс на градот.

**Влијание на проектот:**
Градската чаршија станува културно и социјално срце на градот – место за дружење, уметност и занаети. Таа ја збогатува туристичката понуда и ја поттикнува локалната економија.

**Целна група:**

Сите групи

**Рок на реализација**

2028 - 2029 година

**Рок на реализација**

600.000 евра

# ПРОЕКТИ

## Целосна реконструкција на локалитет кај стара Касарна со реконструкција на постојни објекти, партерно уредување на просторот и изградба на балон-сала

Со овој проект обезбедуваме реконструкција и адаптација на постојниот објект во функционален простор за три институции: Министерство за внатрешни работи (МВР), Противпожарна бригада и Јавно комунално претпријатие. Објектот е поделен на три дела со посебни влезови, со целосно задоволување на потребите на секоја институција поединечно.

- За МВР се задржува постојниот влез, достапен и за лица со посебни потреби, и се обезбедуваат простории за базни станици, референти, архиви и санитарии.
- За Противпожарната бригада е предвиден нов влез и посебни простории за командири, дежурна служба, простории за одмор, шкафчиња, санитарии и чајна кујна.
- Јавното комуналното претпријатие добива свој влез, надворешен лифт и шалтери на приземје, а на катот се сместени канцеларии за сите сектори (правен, финансиски, водовод и канализација, хигиена, паркови, инкасатори) и простории за директорот, архива и санитарии.

Надворешно е предвидено расчистување на вегетацијата, отстранување на помошен објект, уредување на пешачки пристапи, изведба на нови тротоари со дренажа, паркинг од павер и оградување на објектот.

**Влијание на проектот:**

Проектот обезбедува современ и функционален простор за МВР, Противпожарната бригада и Јавното комунално претпријатие. Граѓаните ќе имаат полесен пристап до услугите, а објектот ќе ја подобри организацијата, безбедноста и изгледот на јавниот простор.

**Целна група:**

Сите групи

**Рок на реализација**

2028 - 2029 година

**Буџет**

40.000.000 денари

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## ОСИЧКА МАЛАА И ДОМАЧКИ ДОЛ

- Детско игралиште во Осичка Малаа (кај зградите)
- Обезбедување дополнителни паркинг-места
- Поставување подземни контејнери кај зградите на ул. „Партизанска“
- Осветлување и уредување на просторот кај Тораничка зграда
- Уредување на просторот кај поранешен „Вавилон“
- Поврзување на нас. Осичка Маала со нас. Трновска Маала со времено уредување на пристапна патека
- Изградба на водоводна мрежа на дел од населба Домачки Дол
- Изработка на техничка документација за доизградба на регулација на Домачки Дол
- Времено уредување на пристапни улици со бехатон покрај регулација на Домачки Дол
- Изработка на техничка документација и изградба на потпорна стена и асфалтирање на дел од ул. „8-ми Септември“
- Донесување планска документација за идеен развој на м.в. Бурови Бавчи
- Времено уредување на пристапни улици со бехатон во м.в. Бурови Бавчи

## ул. 8-ми ОКТОМВРИ и НАСЕЛБА МАНЕВЦИ

- Изградба на канализација на дел од улица „8 Октомври“ над Маневски мост
- Изградба на канализација на дел од улица „8 Октомври“ од парк под Гимназија до затвор
- Продолжување на пешачка патека со пристапниот пат висока зона лев брег
- Изградба на детско игралиште кај Маневски мост
- Времено уредување на пристапен пат кај Маневски мост
- Изработка на техничка документација за реконструкција и изградба на локален пат на локалитетот покрај Дурачка Река
- Изработка на техничка документација за регулација на коритото на Дурачка Река
- Изработка на техничка документација за изградба на потпорни стени на ул. „Калин Камен“ за решавање на проблемот со постојните свлечишта

## ЦЕНТАР

- Изградба на катна гаража на просторот кај автобуската станица
- Воведување зонско паркирање
- Изградба на пешачка патека од автобуската станица до стар пазар покрај регулација на Крива Река
- Реконструкција на калдрмата кај ООУ „Св. Јоаким Крчовски“ – зграда „Партизан“
- Реконструкција на улица „Илинденска“ и доуредување на просторот кај стар пазар
- Партерно уредување на мајор корито на Крива Река
- Уредување на Дурачка Река на потегот од Соларски мост до Центар за култура
- Реконструкција на дел од улица „11-ти Октомври“

- Поставување заштитна ограда и ракофат над Кадиска чешма
- Реконструкција на зградата на старите градски гробишта и пренамена во градска капела
- Улично осветлување со канделабри во м.в. Амбар

## ЖИТНИ МАГАЦИН И ИЛИНДЕНСКА

- Изградба на сервисна улица покрај левиот брег на Крива Река
- Изградба на улична мрежа на локалитет – детска градинка „Детелинка“
- Изградба на потпорни ѕидови кај детска градинка „Детелинка“
- Уредување на просторот кај колективните згради кај Ветеринарна станица
- Поставување подземни контејнери кај зградите на Житни магацин
- Регулација на водите на дел од долот на ул. „Гоце Делчев“
- Поставување заштитна ограда на ул. „Гоце Делчев“ - над ромските гробишта
- Изработка на техничка документација за потпорни ѕидови на улица „Осоговска“ за решавање на проблемот со настанатите свлечишта
- Времено уредување со бехатон во продолжеток на ул. „Осоговска“

## НАСЕЛБА СКРЉАВА И ЦОНЕВ РИД

- Реконструкција и адаптација на постоен објект касарна
- Партерно уредување на простор кај касарна
- Изградба на балон-сала кај касарна
- Решавање на проблемот со атмосферските води на ул. „Св. Јоаким Осоговски“ , под Здравствен дом – Крива Паланка
- Времено уредување со бехатон на пристапни и неасфалтирани улици во нас. Скрљава и Цонев Рид
- Детско катче во населба Цонев Рид
- Времено уредување со бехатон за поврзување на Цонев Рид со нас. Белево
- Реконструкција на дел од улица „Горан Стојановски“ и дел од улица „Климент Охридски“

## НАСЕЛБА ЛОЗАНОВО И БЕГОВИ БАВЧИ

- Изградба на атмосферска канализација на дел од ул. „Лозановска“
- Изработка на техничка документација за изградба и доуредување на Лозановски дол
- Времено уредување со бехатон на неасфалтирани краци од ул. „Лозановска“
- Изградба на фудбалско игралиште во населба Лозаново
- Изградба на атмосферска канализација на ул. „Пере Тошев“
- Реконструкција на дел од ул. „Пере Тошев“
- Изградба на детско катче во Бегови Бавчи
- Поставување звучна ограда покрај магистрален пат во населба Бегови Бавчи
- Изработка на техничка документација за доизградба на мајор и нинор корито од населба Бегови Бавчи до населба Мизовски Ливади

## НАСЕЛБА БАВЧАЛ'К

- Изработка на техничка документација за продолжување на ул. „Херој Карпош“

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

- Реконструкција на дел од улица „Херој Карпош“ и уредување на паркинг-просторот на клучните локации
- Поставување легнати полицајци на дел од ул. „Херој Карпош“ кон населба Херој Карпош
- Изградба и реконструкција на калдрмата од ул. „Македонска“ кон ул. „Херој Карпош“
- Поставување подземни контејнери кај зградите во населба Бавчал'к
- Решавање на проблемот со атмосферски води на потегот од Трештен Дол до Куков Дол

## ТРЕШТЕН ДОЛ и КУКОВ ДОЛ

- Реконструкција на постоен асфалт во населба Трештен Дол
- Атмосферска канализација (регулација на дол) Бојанов Дол
- Изградба на секундарни линии за отпадни води Бојанов Дол
- Реконструкција на улица Ратко Минев од улица „Македонска“ до Бојанов Дол
- Реконструкција на постојна пешачка патека во продолжение на ул. „Ратко Минев“
- Времено уредување со бехатон на просторот од Крив мост до бензинската „Макпетрол“
- Изградба на потпорни ѕидови кај Куков Дол покрај локален пат во населба Куков Дол
- Изработка на техничка документација за доизграба на улица „Ратко Минев“ и поврзување со Баглак 3
- Замена на постојни водоводни цевки на ул. „Ратко Минев“ кон Баглак 3
- Обезбедување нови површини за паркирање во Трештен Дол

## НАСЕЛБА БАГЛАК

- Реконструкција на крак на ул. „Димитар Арсов“
- Реконструкција на краци на улица „Македонска“
- Времено уредување на неасфалтирани краци од ул. „Македонска“ во населба Баглак
- Реконструкција на постојни скали од улица „Македонска“ до улица „Димитар Арсов“
- Изградба на детско катче во Баглак 3
- Поставување ракофат на постојните скали
- Изградба на канализација во делови на населба Баглак
- Решавање на атмосферските води на ул. Ристена Гогова
- Поставување ракофат на повеќе делови од ул. „Ристена Гогова“ и Трновска Маала
- Изработка на техничка документација за спој на улица „Ристена Гогова“ и улица „Македонска“

## НАСЕЛБА БЕЛЕВО

- Изработка на техничка документација за изградба на ул. „Климент Охридски“ од ул. „Горан Стојановски“ до Белевски Дол
- Доизградба на Белвски Дол
- Реконструкција и изградба на краци од улица „Браќа Миладиновци“
- Изградба на детско катче зад зградата кај технички
- Изработка на техничка документација за уредување на просторот кај м.в. Бараки
- Изградба на детско катче кај „Македонски шуми“

- Реконструкција на крак на ул. „Коце Металец“ под поранешна кланица
- Реконструкција на дел од улица „Панче Пешев“
- Времено уредување со бехатон на дел од улица „Јоаким Крчовски“ м.в. Брана
- Реконструкција на дел од улица „Никола Карев“ во нас. Мечковци

## КОНОПНИЦА

- Изградба на водоводна мрежа во Вирови – Грамаѓе
- Изработка на техничка документација за канализација во населба Грамаѓе
- Изградба на канализација во населба Грамаѓе
- Уредување на просторот кај м.в. Паднени бандери и поставување детско катче
- Комплетирање на реконструкцијата и доградбата на водоводна мрежа во Крива Паланка кон с. Конопница
- Проширување на мрежата за улично осветлување во с. Конопница
- Изградба на локален пат Спас крст – Конопница
- Рехабилитација на патот од пролетерски гаражи
- Изградба на детско катче во м. в. Даловодци
- Изградба на детско катче во м. в. Стамболици

## с. Т'ЛМИНЦИ, с. ТРНЦИ, с. ГРАДЕЦ

- Изградба на локален пат с. Конопница – с. Т'лминци
- Доизградба на канализација на м. в. Трнци
- Поставување урбана опрема со детски реквизити во Трнци
- Изградба на општински пристапен пат спој М2 – Крстата Падина
- Изградба на општински пристапен пат на Мизовски Ливади – с. Градец
- Изградба на детско катче со спортски терен во Крстата Падина
- Изградба на локален пат во с. Градец преку м. В. Милевци до спој со регионален пат Р2245в
- Реконструкција и доградба на водоводна мрежа до Мезовски Ливади
- Рехабилитација на постоен кон с. Градец од населба Лозаново

## с. МОЖДИВЊАК, с. ДЛАБОЧИЦА, с. МАРТИНИЦА

- Изградба на водовод во с. Мождивњак
- Поставување урбана опрема со детски реквизити во м.в Дубје
- Изградба на општински пристапен пат с. Мождивњак – с. Каврак (м.в Падинковац)
- Изградба на локален пат во село Длабочица
- Изградба на водоводна мрежа во с. Длабочица
- Изградба на канализациска мрежа во с. Длабочица
- Изработка на техничка документација за поврзување на с. Длабочица (преку црква) со с. Габар
- Изградба на спортски терен во с. Длабочица
- Изградба на локален пат кон с. Мартиница

- Изградба на локален пат од м.в. Ловачки до православен крст во с. Мартиница со партерно уредување и поставување на урбана опрема

**с. КРКЉА, с. ЖИДИЛОВО, с. КОСТУР, с. УЗЕМ**

- Реконструкција на постоен пат во с. Кркља
- Изградба на локален пат Џиковци, Тукарци во должина од 1,5 км
- Поставување урбана опрема со детски реквизити во с. Жидилово
- Изградба на канализација во с. Жидилово
- Поставување урбана опрема со детски реквизити во с. Узем
- Реконструкција на локален селски пат Узем – Костур

**с. ДУРАЧКА РЕКА и с. СТАНЦИ**

- Реконструкција на постоен пат кон с. Дурачка Река
- Реконструкција на постоен пат кон с. Станци

**с. ВАРОВИШТЕ, с. Б'С, с. КОШАРИ**

- Изградба на регулација на дел од Бабин Дол и пешачка патека покрај регулацијата с. Варовиште (фаза 2)
- Изградба на дел од мрежа за јавно осветлување на потегот од мотел „Македонија“ – паркинг кај манастирот „Св. Јоаким Осоговски“ по т. Руски пат
- Изградба на општински пристапен пат од спој со М2-Дервен чешма - с. Варовиште
- Изградба на локален пат Б с – Кошари во должина од 3 км
- Изградба на водовод на Калин Камен

**с. ДРЕЊЕ, с. КИСЕЛИЦА, с. ДОБРОВНИЦА, с. ТРНОВО**

- Рехабилитација на постоен пат кон с. Дрење
- Изградба на сообраќајна инфраструктура за с. Трново
- Рехабилитација на постоен пат во с. Трново од реката до црквата
- Изградба на пат во с. Добровница кон маала Србиновци во должина од 2,5 км
- Изградба на спортско игралиште во с. Добровница

**С. МАЛА ЦРЦОРИЈА, с. ГОЛЕМА ЦРЦОРИЈА, с. ЛУКЕ, с. ПОДРЖИ КОЊ, с. КРСТОВ ДОЛ**

- Изградба на сообраќајна инфраструктура за Мала Црцорија во должина од 10 км (по фази)
- Реконструкција на пат во с. Голема Црцорија
- Рехабилитација на постоен пат во с. Црцорија од спој со регионален пат P2250 до м. в. Ширина
- Изградба на локален пат во с. Подржи Коњ
- Рехабилитација на постоен пат во с. Подржи Коњ

**с. ОГУТ и с. НЕРАВ**

- Реконструкција на пат кон с. Огут
- Реконструкција на пат кон с. Нерав

„КРИВА ПАЛАНКА ЈА ГЛЕДАМЕ КАКО ДИНАМИЧНА И ПРОСПЕРИТЕТНА ОПШТИНА КОЈА ГИ ПОВРЗУВА ЛУЃЕТО, ИДЕИТЕ И ПОТЕНЦИЈАЛОТ. НАШАТА МИСИЈА Е ЈАСНА: ГРАДИМЕ ОПШТИНА КОЈА СЕ РАЗВИВА РАМНОМЕРНО, ОБЕЗБЕДУВА ДОСТОИНСТВЕН ЖИВОТ ЗА СЕКОГО И СТАНУВА СИМБОЛ НА ПРЕРОДБАТА ВО СЕВЕРОИСТОКОТ. ЌЕ ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОНА ШТО Е НАЈВАЖНО – ИНФРАСТРУКТУРАТА, КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ, СОЦИЈАЛНАТА ПРАВДА, ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЕКОНОМСКИОТ РАСТ“

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА